**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**Број** 10-475/1
**16.02.2020 година**
**С К О П Ј Е**

Врз основа на членот 75-ѓ став 11 и членот 31 став (2) точките 2 и 44 од Изборниот законик („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19, 98/19 и 42/20), член 66 од Деловникот на Државната изборна комисија, бр. 1-1322/1 од 06.07.2017 година и бр. 08-588/1 од 01.03.2019 година а во врска со Решението за распишување на Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, бр. 09-1422/1 од 16.02.2020 година, донесено од Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Државната изборна комисија на 16 февруари 2020 година, донесе

# У П А Т С Т В О
## за начинот и постапката за утврдување на просечно постигнатата цена и најниска цена за платено политичко рекламирање

**I.**

Радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) се должни во рок од пет дена од денот на распишувањето на изборите да утврдат ценовници за платено политичко рекламирање на учесниците во изборниот процес.

Печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) утврдените ценовници ги доставуваат до Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупцијата а радиодифузерите ценовниците ги доставуваат до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупцијата. Ценовниците се доставуваат во рок од пет дена од денот на распишувањето на изборите.

Ценовниците не смеат да се менуваат до конечно завршување на изборниот процес.

Радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) се должни ценовниците за платено политичко рекламирање да ги применуваат за време на изборната кампања.

Притоа, цената по секунда за платено политичко рекламирање во утврдените ценовници на радиодифузерите и цената за закуп на рекламен простор во утврдените ценовници на печатените медиуми не може да ја надминува просечната цена на рекламирање пресметана во последните пет изминати изборни циклуси.

Цената за закуп на рекламен простор на интернет порталот за платено политичко рекламирање во утврдените ценовници на Електронските медиуми (интернет порталите) не може да ја надминува просечната цена за рекламирање, пресметана за последните пет изминати изборни циклуси.

Радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) кои не учествувале на сите изминати 5 изборни циклуси, цената за платено политичко рекламирање во утврдените ценовници не може да ја надминува просечната цена на рекламирање пресметана во последните пет изминати изборни циклуси.

Државната изборна комисија е должна да ја објави на нејзината веб страната просечно постигнатата цена и најниската цена за платено политичко рекламирање од страна на радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) во последните 5 изборни циклуси, најдоцна до денот на распишување на изборите.

II.

При утврдувањето на просечно постигнатата цена за платено политичко рекламирање од страна на телевизиските куќи во Република Северна Македонија, Државната изборна комисија ќе ги земе предвид цените за платено политичко рекламирање во утврдените ценовници на шест приватни телевизиски куќи со национална концесија (Сител, Канал 5, АлсатМ, АлфаТВ, 24 Вести и Телма), кои обезбедувале платено политичко рекламирање за учесниците во изборната кампања во претходните пет изборни циклуси (Претседателските избори 2019 година, Локалните избори 2017 година, Предвремените парламентарни избори 2016 година, Предвремените парламентарни избори 2014 година и Претседателските избори 2014 година).

Пресметката на просечната цена, Државната изборна комисија ќе ја направи на начин што ќе ја утврди просечната цена за една секунда платено политичко рекламирање на секој од телевизиите поединечно, за секој од изборните циклуси.

Врз основа на поединечно пресметаната просечно постигната цена за платено политичко рекламирање на секоја од телевизиите во последните пет изборни циклуси, Државната изборна комисија ќе ја утврди просечно постигнатата цена за платено политичко рекламирање за последните пет изборни циклуси.

III.

При утврдувањето на просечно постигнатата цена за платено политичко рекламирање од страна на радијата во Република Северна Македонија, Државната изборна комисија ќе ги земе предвид цените за платено политичко рекламирање во утврдените ценовници на трите приватни радиа со национална концесија (Антена 5, Канал 77 и Радио Рос Метрополис), кои обезбедувале платено политичко рекламирање за учесниците во изборната кампања во претходните пет изборни циклуси (Претседателските избори 2019 година, Локалните избори 2017 година, Предвремените парламентарни избори 2016 година, Предвремените парламентарни избори 2014 година и Претседателските избори 2014 година).

Пресметката на просечната цена, Државната изборна комисија ќе ја направи на начин што ќе ја утврди просечната цена за една секунда платено политичко рекламирање на секој од радиа поединечно, за секој од изборните циклуси.

Врз основа на поединечно пресметаната просечно постигната цена за платено политичко рекламирање на секоја од радиата во последните пет изборни циклуси, Државната изборна комисија ќе ја утврди просечно постигнатата цена за платено политичко рекламирање за последните пет изборни циклуси.

IV.

При утврдувањето на просечно постигнатата цена за закуп на рекламен простор за платено политичко рекламирање од страна на печатените медиуми во Република Северна Македонија, Државната изборна комисија ќе ги земе предвид цените за закуп на рекламниот простор за платено политичко рекламирање во утврдените ценовници на трите приватни печатени медиуми (Вечер, Коха и Нова Македонија), кои обезбедувале платено политичко рекламирање за учесниците во изборната кампања во претходните пет изборни циклуси (Претседателските избори 2019 година, Локалните избори 2017 година, Предвремените парламентарни избори 2016 година, Предвремените парламентарни избори 2014 година и Претседателските избори 2014 година).

Пресметката на просечната цена, Државната изборна комисија ќе ја направи на начин што ќе ја утврди просечната цена за закуп на една внатрешна страна црно-бела и во боја за платено политичко рекламирање за последните пет изборни циклуси

Врз основа на поединечно пресметаната просечно постигната цена за закуп на рекламен простор за платено политичко рекламирање на секој печатен медиум во последните пет изборни циклуси, Државната изборна комисија ќе ја утврди просечно постигнатата цена за закуп на рекламен простор за платено политичко рекламирање за последнмите пет изборни циклуси.

***Согласно член 76-д став 5 од Изборниот законик, сумата која може да се исплати на еден печатен медиум од еден учесник во изборниот процес, не може да биде поголема од 15.000 (петнаесет) иљади евра во денарска противвредност без вклучен ДДВ.***

V.

Бидејќи не постојат ценовници од Електронските медиум (интернет порталите) кои се користени за платено политичко рекламирање во претходните пет изборни циклуси (обврската за достава на ценовници за платено политичко рекламирање на електронски медиуми (интернет портали) законодавецот за прв пат ја воведе во 2018 година) и од причини што нема законска методологија за следење на електронските медиуми (интернет портали) ниту пак постои унифицираност во ценовниците за изразување на услугите и поделбата на рекламниоит простор за платено политичко рекламирање кај електронските медиуми (интернет портал), Комисијата, согласно член 76-д став 5 од Изборниот законик, ***само ја определува законски предвидената сума која може да се исплати на еден електронски медиум (интернет портал) од еден учесник во изборниот процес, која не може да биде поголема од 15,000 (петнаесет) илјади евра во денарска противвредност без вклучен ДДВ.***

**VI.**

**Согласно доставените ценовници во последните пет изборни циклуси, Државната изборна комисија ќе утврди најниска цена за платено политичко рекламирање.**

**VII.**

**Државната изборна комисија просечната цена и најниската цена ќе ја утврди со посебна одлука која ќе биде донесена врз основа на ова упатство.**

**Просечната цена која Државната изборна комисија ќе ја утврди со посебна одлука, а врз основа на доставените ценовници во последните пет изборни циклуси, ќе претставува највисока цена за платено политичко рекламирање за Радиодифузерите и печатените медиуми за престојните Предвремени парламентарни избори 2020 година.**

**Радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) кои во рок од пет дена од распишувањето на изборите нема да достават ценовници до Државната изборна комисија, иако претходно се регистрирани во Државната изборна комисија немаат право на платено политичко рекламирање.**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРТСЕДАТЕЛ**
**Оливер Деркоски**